
ОПШТИНА ШТИП
КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ШТИП



СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

штип, 2015

СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

- зборник на трудови -

2015, ШТИП

ОПШТИНА ШТИП

КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ШТИП

СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Штип

2015

MUNICIPALITY OF STIP
COMMITTEE ON EDUCATION, COUNCIL OF THE MUNICIPALITY OF STIP
FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCES STIP

CONDITIONS, CHALLENGES AND PERSPECTIVES IN EDUCATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

2015, STIP

Издава

НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип

За издавачот
Охридија Лазарова

Организационен одбор

Снежана Мирасчиева – **претседател**

Членови
Соња Петровска, Емилија Петрова Ѓорѓева, Никола Смилков, Снежана Јованова Митковска, Снежана Ставрева Веселиновска, Даниела Коцева, Весна Ничева, Елена Ташкова, Јорданчо Митков, Атанас Крстовски, Цветанка Красиќ, Милена Ристова Михајлова, Снежана Санева, Илија Митров, Трајан Коцев, Данче Николовска Вратеовска, Димитар Љуботенски, Зоран Костовски, Јовче Арсов, Вања Џамбазова Николовска, Ванче Маневски, Охридија Лазарова, Верица Јосимовска

главен и одговорен уредник
Снежана Мирасчиева

уредник
Соња Петровска

уредувачки одбор

Снежана Мирасчиева (Македонија), Димитар Димитров (Бугарија), Младен Вилотијевиќ (Србија), Нина Биједиќ (Босна и Херцеговина), Лилјана Тодорова(Бугарија), Татјана Атанасова Пачемска (Македонија), Кристинка Селаковиќ (Србија), Јосип Милат (Хрватска), Емилија Петрова Ѓорѓева (Македонија), Трајан Попкочев (Бугарија), Крстивоје Шпијуновиќ (Србија)

јазична редакција
Снежана Санева, Милена Ристова Михајловска

лектура на англиски јазик
Снежана Кирова

дизајн на корица
Никола Смилков

техничка поддршка
Даниела Коцева, Снежана Мирасчиева, Верица Јосимовска

Тираж
500

Печати
Полиестердеј - исток, Штип

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37(497.7)(082)

СОСТОЈБИ, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија : зборник на трудови / [главен и одговорен уредник Снежана Мирасчиева]. - Штип: НУ - Универзитетска библиотека "Гоце Делчев", 2015. - [215] стр. : илустр.36; 21 см

На стр. 3: Conditions, challenges and perspectives in education in Republic of Macedonia. - Фусноти кон текстот. - Abstract. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-242-021-9

а) Образование - Македонија - Зборници
COBISS.MK-ID 100055306

Содржина

Предговор 1

1. Мирасчиева Снежана, Ѓорѓева Петрова Емилија, Ставрева Веселиновска Снежана, **Воспитанието и образованието низ призмата на идните перспективи и развој**
   Mirascieva Snezana, Petrova Gjorgjeva Emilija, Stavreva Veselinovska Snezana,
   Education through the prism of future prospects and development …….2

2. Јованова-Митковска Снежана,
   Професионални компетенции на воспитувачите
   Jovanova-Mitkovska Snezana,
   The professional competences of preschool educators ……6

3. Симоновска Елизабета,
   Критичност, самокритичност или релативизација
   Simonovska Elizabeta,
   Criticizm, self-criticizm or relativization ……12

4. Белташева Маја,
   Соработката меѓу предучилишните установи и родителите
   Beltaseva Maja,
   Cooperation between pre-schools institution and parents ……15

5. Димова Габриела,
   Здравственото воспитание /и/ образование и формирањето на здравствена култура кај децатаод предучилишна возраст
   Dimova Gabriela,
   Health education and formation of health culture among preschool children ……..18

6. Грегова Татјана, Цацков Оливер,
   Состојби, перспективи и предизвици во воспитанието во Република Македонија - предучилишно воспитание
   Gregova Tatjana, Cackov Oliver,
   Condition, perspective and challenge in education in Republic of Macedonia-Preschool education …… …25

7. Јанева Радмила,
   Проект „Од текстил до мода“
   Janeva Radmila,
   Project „From textiles to fashion“ …….28

8. Дончева Јулија, Јамакова Фатме,
   Ефективноста на проектно ориентираната дејност на студентите во нивната подготовка за професионална педагошка реализација
   Doncheva Julia, Yamakova Fatme,
   Effectiveness project-oriented activities to students prepararing for professional career education ……..……32

9. Османова Ибишева Евин, Николова Василева Валентина,

Емпириско истражување на слободното време на учениците од град Русе
Osmanova Ibisheva Evin, Nikolova Vasileva Valentina,
Empirical studies for the leisure time of students from Ruse ……...…..……37

10. Николова Василева Валентина,
Улогата на комуникацијата во училишно - воспитниот процес
Nikolova VasilevaValentina,
The role of communication in school – educational process ……42

11. Петровска Соња, Ступариќ Јована**,**
Компаративните истражувања во образованието
Petrovska Sonja, Stuparic Jovana,
Comparative research in education ……...……47

12. Атанасовски Диме**,**
Предуслови за квалитетна интегрална евалуација во воспитно-образовните институции
Atanasovski Dime,
Prerequisite for realization of quality integral evaluation in educational institutions …….54

13. Кузмановска Драгана, Кирова Снежана, Иванова Биљана,
Креативноста и знаењето го креираат патот до училишниот успех
Kuzmanovska Dragana, Kirova Snezana, Ivanova Biljana,
Creativity and knowledge trace the path to school success ……59

14. Ѓорѓева Петрова Емилија**,** Мирасчиева Снежана, Ставрева Веселиновска Снежана,
Организација, организациска култура и клима во основното училиште
Petrova Gorgeva Emilija,
Organization, organizational culture and climate in primary school ……...63

15. Угриновска Емилија, Илиевски Александар, Костадиновска Драгица, **Постои ли етика во училиштата?**
Ugrinovska Emilija, Ilievski Aleksandar, Kostadinovska Dragica,
Is there ethics in schools?.....71

16. Ѓорѓева Петрова Емилија, Кокотова Татјана,
Училишната организациска клима фактор за развој на современото училиште
Petrova Gjorgjeva Emilija, Kokotova Tatjana,
School organizational climate - factor of modern school development……74

17. Мирасчиева Снежана, Коцева Даниела,
Состојбата во воспитанието и образованието денес е предизвик за утрешнината и перспектива за иднината
Mirascieva Snezana, Koceva Daniela,
State in education today is a challenge for tomorrow and a perspective for the future……78

18. Митев Зоран, Камчева-Панова Лидија,
Соработката меѓу родителите и одделенскиот раководител во современото основно училиште
Mitev Zoran, Kamceva-Panova Lidija,
Cooperation between parents and class teachers in modern primary school…….82

19. Дончева Јулија,
„Опонентното“ однесување на детето провоцирано од семејната средина
Doncheva Julia,
Opposition child's behavior provoced by the family ambience ……89

20. Јорданов Киро**,**
Кооперативна настава
Jordanov Kiro,
Cooperative teaching …….94

21. Смилкова Горица,
Учење низ експеримент
Smilkova Gorica,
Learning through the experiment ……103

22. Јовева Јадранка, Ташкова Елена, Камчева-Панова Лидија**,**
Ставовите и односот на одделенските и предметните наставници кон инклузијата на децата со попреченост во развојот при ООУ „Гоце Делчев“Штип
Joveva Jadranka, Taskova Elena, Kamceva-Panova Lidija,
Attitudes of class and subject teachers towards inclusion of children with developmental disabilities in OOU Goce Delcev – Stip ……..……..107

23. Богданов Благојче, Атанасова – Пачемска Татјана, Лазарова Лимонка,
Преглед и современи приоди во откривањето и работата со талентираните ученици за математика во Република Македонија
Bogdanov Blagojche, Atanasova – Pacemska Tatjana, Lazarova Limonka**,**
Review and contemporary approaches in the discovery and work with talented students of mathematics in Macedonia ……..115

24. Атанасова – Пачемска Татјана, Јовановска Добрила,
Современ приод во унапредување на процесот на оценување по наставниот предмет математика
Atanasova – Pacemska Tatjana, Jovanovska Dobrila,
Modern approach for improving math evaluation process …….121

25. Николовска Виолета,
Улогата на мајчиниот јазик во образованието
Nikolovska Violeta,
The role of Mother Language in Education ……..126

26. Панева Блага,
Фонетско-фонолошките аспекти на македонскиот јазик и процесот на неговата (не)употреба во основното и средното образование во Република Македонија
Paneva Blaga,
Phonetic-phonological aspects of the macedonian language and the process of its (non)use in primary and secondary education in the Republic of Macedonia ……131

27. Китанова Ирена,
Креативноста и стимулот на ученикот преку комплексната постапка за обработка на буква

Kitanova Irena,
Students' creativity and incentive through the complex procedure for processing a letter .137

28. Мартиновска Виолета**,**
Тежеста и моќта на словото
Martinovska Violeta,
The weight and power of the word ……141
..
29. Ристова-Михајловска Милена,
Интерпретација на средновековните автографи со цел нивно приближување до современиот реципиент
Ristova-Mihajlovska Milena,
Interpretation of medieval autographs for the purpose of convergence to modern Recipients ……...…….143

30. Миловска Добрила,
Авторството на панонските легенди
Milovska Dobrila
Authorship of panonnian legends ……150

31. Дончева Јулија, Ахмедова Нурсал,
Интерактивни технологии во наставата со рана училишна возраст со помош на информациско-комуникациска технологија
Doncheva Julia, Ahmedova Nursal,
Interactive technologies for teaching and education in primary schoolage through information and communication technologies ……155

32. Османова Ибишева Евин,
Компјутерските дидактички игри – средство за интелектуален развој на детето
Osmanova Ibisheva Evin,
Computer didactic games - means of intellectual development of the child ……..….160

33. Коцева Даниела, Мирасчиева Снежана**,**
Социјализацијата и е-учење
Koceva Daniela, Mirascieva Snezana,
Socialization and e-learning ……..165

34. Јакимовска Милена,
ИКТ и предучилишните установи
Jakimovska Milena,
ICT and kindergartens ……169

35. Чепреганов Тодор, Николова Соња,
Толеранцијата и учебниците по историја во мултиетничко и мултиконфесионално општество? (македонски случај)
Cepreganov Todor, Nikolova Sonja,
Tolerance and history textbooks in multiethnic and multiconfessional society (macedonian case) ……172

36. Ристова-Михајловска Милена, Лазарева Наташа,

Училиштето како воспитно-образовна институција и просветата - некогаш и денес
Ristova-Mihajlovska Milena, Lazareva Natasa,
School as an educational institution in the past and in the present ……178

37. Насев Ленче,
Првиот прирачник по музичко воспитание за работа со деца од предучилишна возраст *Детето, музиката и ние* од Васил Попдучевски
Nasev Lence,
First manual in music education for work with preschool children *"The child, music and we"* by Vasil Popducevski ……..185

38. Михајловски Ангеле,
Прстната техника-клучен фактор за пијанистичката интерпретација во процесот на едукација и усовршување
Mihajlovski Angele,
Finger technique- key factor for interpretation by piano in the process of education and training ……189

39. Џамбазова Николовска Вања, Николовска Вратеовска Данче, Вратеовски Миле**,**
Социо-економска стратификација и образованието како фактор на општествена мобилност
Djambazova Nikolovska Vanja, Nikolovska Vrateovska Danche, Vrateovski Mile,
The socio-economic stratification and education as a factor of social mobility …….194

40. Николовска Вратеовска Данче, Џамбазова Николовска Вања, Мојсоска Снежана,
Еволуцијата на економското знаење за макроекономската стабилност низ призма на макроекономските парадигми
Nikolovska Vrateovska Danche, Djambazova Nikolovska Vanja, Mojsoska Snezana,
The evolution of economic knowledge about macroeconomic stability through the prism of macroeconomic paradigm ……..200

41. Ангеловска Александра,
Зајакнување на капацитетите на казнено-поправните установи преку образованието, обуката и стручното усовршување како облици на третман на осудените лица кои издржуваат казна затвор
Angelovska Aleksandra,
Strengthening the capacities of detention and rehabilitation centers through education, training and professional specialization as form of treatment of convicted people with sentence of imprisonment ……..…….207

ПРЕДГОВОР

Публикацијата под наслов „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија“ е продукт на размислувањата, искуствата, иницијативите и предлозите, теориски и емпириски сознанија кои беа презентирани на истоимената конференција, која се одржа на 13 мај 2015 година во Собранието на општина Штип. Овогодишната конференција, трета по ред, е во организација на Советот на Општина Штип и Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, во рамките на Меморандумот за соработка. Самата конференција е само еден од облиците на одбележување на 24 мај „Св. Кирил и Методиј“, денот на сесловенските просветители кои го чествуваат просветните работници. Публикацијата „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија“ е зборник на трудови во издание на Наионална Установа – Универзитетска Библиотека „Гоце Делчев“ Штип. Всушност, зборникот е сведок за еден настан кој остава силен печат во македонската педагошка ризница. Научно-стручниот карактер на конференцијата овозможи не само размена на искуства и анализа на состојбата во воспитанието и образованието на сите нивоа туку и трасирање на патот за иднината на воспитно-образовниот систем во целост како еден од основните темели на развојот на заедницата. Содржински текстовите во публикацијата третираат прашања од различни аспекти на воспитанието и образованието, во сферата на наставата, наставникот, ученикот, наставните средства, целите и содржините во воспитно-образовниот процес на сите образовни нивоа, од предучилишно, преку основно и средно до високо-образовните институции. Исто така се среќаваат текстови кои говорат и за специфичностите на одделни видови дидактички модели на настава, во различни типови на училишта, проблемот на слободното време на учениците како и факторите кои влијаат на неговата содржинска димензија со што се богати педагошко-дидактичкиот тезаурус. Низ испишаните редови се поместени теориско-емпириските размисли кои го третираат прашањето за употребата на мајчиниот јазик во наставата, аналитичките погледи кон одделни пишани документи од богатата македонска ризница на пишани дела кои уште повеќе придонесуваат за широкиот и разновиден дијапазон на размисли на просветните работници. Со тоа оваа публикација добива трајна вредност како за педагошките научници така и за педагошките практичари. Проблемот на модернизација на воспитанието и образованието е и временски димензиониран поаѓајќи од анализа на состојбата преку посочување на тенденциите до визионирање на перспективите за натамошен развој. Во редовите испишани на повеќе од двесте страници, можат да се сретнат содржини кои се насочени кон соработката со родителите, со што прашањето на единство на воспитните фактори не останува изолирано. Интересно е да се споменат и размислувањата како и искуствата на дел од просветните работници во однос на примената на современата технологија и техника во наставата, што упатува на заклучокот дека наставата е предмет на интерес и е целно насочена кон нејзино унапредување од страна на непосредните учесници, планери и реализатори на самиот процес, наставниците.

Оваа публикација не ја исцрпува целокупната проблематика која е предмет на интерес на конференцијата, со оглед на актуелноста на феноменот воспитание и образование во времето и на местото каде се истражува и проучува. Сложената природа на проблемот како и неговата условеност од општественото опкружување, науката, техничко-технолошкиот развој, отвора нови полиња за дискусија, идеи за развивање на нови практики со една единствена цел, унапредување на воспитно-образовниот процес заради зголемување на квалитетот на самиот процес и на знаењето како негов продукт.

Но останува да сведочи за еден настан, една состојба, во одредено време како четиво за генерациите што идат.

Мај, 2015
Штип

Главен и одговорен уредник
Снежана Мирасчиева

акција со цел обезбедување на образовен систем кој би бил доволно еластичен брзо да одговори на рапидните техничко-технолошки промени; и би произведувал висококоспецијализирани кадри кои соодветно би одговориле на тековните потреби на пазарот на труд и реалниот сектор.

Литература

- АВРМ (2014 а).,,Преглед на невработени лица според школска подготовка со состојба на 31.01.2014 година,, *Извештаи,* АВРМ
- АВРМ (2014 б). *Оперативен План за услуги на пазарот на трудот и активни мерки на пазарот на трудот за 2015 година,* АВРМ
- Вратеовска Н. Д., Николовска Ц.В., Тиквешанска Н. В. (2014).,, Микро и макроекономски аспекти за влијанието на образованието врз човековиот капитал, пазарот на труд и економскиот раст и развој,, Научно-стручна конференција со меѓународен карактер: *Современото воспитание и образование, состојби, предизвици и перспективи*, Штип:НУ-УБ „Гоце Делчев“
- Коалиција Сега (2014)*Истражување за актуелните политики за младинско вработување на ЕУ и Р. Македонија*, Коалиција Сега
- МТСП (2012). *Акциски План за вработување на младите до 2015 година*, МТСП
- Христов Р. (2007). *Социологија за економисти*, Економски факултет, УКИМ
- Becker G. (1994). *Human Capital: A Theoretical and Empirical Analysis with Special Reference to Education*, Chicago: The University of Chicago Press.
- Drucker P. F. (2010). *Technology, Menagament and Society*, internet archive
- Hannan D. F.and Smyth E. (2013).New Perspectives for Learning. *International Scientific Conference: The role of education in labour market changes, Economic and Social Research Institute, Dublin, Proceedings*.
- Lipset S. and Bendix R. (1959). *Social Mobility and Industrial Society*, London
- Schumpeter J. A. (1919). *The sociology of imperialisms*. Germany: Archiv für Sozialwissenschaft und Sozialpol

УДК 330.88:330.34/.35
338.22(497.7)
(прегледен труд)

ЕВОЛУЦИЈАТА НА ЕКОНОМСКОТО ЗНАЕЊЕ ЗА МАКРОЕКОНОМСКАТА СТАБИЛНОСТ НИЗ ПРИЗМА НА МАКРОЕКОНОМСКИТЕ ПАРАДИГМИ

д-р Данче Николовска Вратеовска[1] , м-р Вања Џамбазова Николовска[2] , д-р Снежана Мојсоска[3]

[1]Министерство за финансии- Управа за јавни приходи, РД Штип,[2] Совет на о.Штип, Одделение за јавни служби, Локална самоуправа Штип, [3]Факултет за безбедност-Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“

Апстракт:*Макроекономската стабилност и економскиот раст се најзначајни цели во развојот на една национална економија. Не може да се остварува економски растеж без одреден степен на макроекономска стабилност, како што не може да се оствари макроекономска стабилност без економски раст и развој. Затоа, неопходно е синхронизирано дејствување на макроекономската и на развојната политика за одржување на потребниот степен на стабилност и раст во земјата. Овој труд има за цел, низ призма на доктрините на главните макроекономски школи да укаже на релативноста на економското знаење за начинот на водење и ефектите од одделните макроекономски политики (како теоретски така и апликативни) по одделни земји вклучувајќи ја и Македонија; и уште поважно: преку историскиот метод,*

компаративната анализа, индуктивниот, дедуктивниот научен метод и експликативно воопштовувачкиот метод, да го проследи еволуирањето, развојот и надградената примена на клучните макроекономски парадигми во текот на времето.
***Клучни зборови**: економски раст и развој, стабилност, макроекономски политики, макроекономски школи, економско знаење*

THE EVOLUTION OF ECONOMIC KNOWLEDGE ABOUT MACROECONOMIC STABILITY THROUGH THE PRISM OF MACROECONOMIC PARADIGM

PhD. Danche Nikolovska Vrateovska[1] , Master Vanja Djambazova Nikolovska[2], PhD. Snezana Mojsoska[3]

[1]Ministry of Finance - Public Revenue Office, Municipal Council – Stip, [2]Department for public service, Local Government-Stip, [3]Faculty of Security-Skopje,University "St. Kliment Ohridski"

***Abstract**: The macroeconomic stability and economic growth are the most important goals in the process of the development of national economyEconomic growth cannot be achieved without some degree of macroeconomic stability, as macroeconomic stability cannot be achieved without economic growth and development. Therefore, it is necessary to have synchronized action on macroeconomic and development policy to maintain the required level of stability and growth in the country. This paper aims, through the prism of the doctrines of the main macroeconomic schools, to show the relativity of economic knowledge and the way of keeping the effects of certain macroeconomic policies (boththeoretical and applicative) in certain countries including Macedonia; and, more importantly, through the historical method, comparative analysis, inductive, deductive scientific method and explicatory-synthetic method to trace the evolution, development and implementation of the upgraded key macroeconomic paradigms through time.*
***Key words**: economic growth and development, stability, macroeconomic policies, macroeconomic schools, economic knowledge*

Вовед

Ниту една општествена творба не е апсолутна односно еднаш засекогаш дадена. Констелацијата на услови и фактори на влијание, кои имаат своја сопствена динамика и структура и интеракциска поврзаност, континуирано се менуваат. Економијата е општествена наука чиј предмет на изучување ги опфаќа движењето и законитостите на економијата во целина. Таа претставува систем на научни знаења за правилна алокација на ресурсите. Поаѓајќи од минатото и искуственото научно спознание, таа ја согледува сегашноста и ја проектира иднината. Служи за култивирање на критичкото економско мислење, согледување на релативноста на општествените и економските појави но и за осознавање на релативноста на самото научно познание. Макроекономијата е посебна економска научна дисциплина што се занимава со перформансите, структурата, однесувањето на економските појави и економските агенти, како и донесувањето на одлуки на ниво на целата економија. Ова ги вклучува не само националните економии туку и глобалната економија. Макроекономската слика во една економија се илустрира преку низа индикатори, како што се БДП, стапката на невработеност, нивото на цени кои ги детерминираат економските перформанси и функции. Современите макроекономски модели тендираат да ја објаснат врската помеѓу факторите како што се националниот доход, производството, потрошувачката, невработеноста, инфлацијата, заштедите, инвестициите, меѓународната трговија, меѓународни финансии, се обидуваат да ги разберат причините и последиците за краткорочните флуктуации кај економските циклуси, како и детерминантите за економски раст на долг рок. Овие макроекономски модели се широко употребувани од страна на владите и економските власти, со цел развивање и имплементирање на економски политики за долгорочен и одржлив раст и развој. Трошоците од макроекономската нестабилност се

експонираат преку негативните ефекти врз акумулацијата на капитал во економијата; преку негативното влијание врз долгорочните перформанси на финансискиот систем; преку намалување на стапката на економски раст, раст на невработеноста, ценовна нестабилност и хронични нерамнотежи во платните биланси.

За макроекономската стабилност и економскиот раст

Макроекономската стабилност во поширока смисла претставува состојба на непречено функционирање на сите подсистеми на економскиот систем, при што секој од нив обезбедува највисоко можно ниво на флексибилност за апсорбирање на можни шокови, додека во потесна смисла, може да се дефинира како состојба на стабилно ценовно ниво и стабилен девизен курс. Од аспект на рочноста на макроекономската рамнотежа, истата може да се разгледува на кус и/или на долг рок. Макроекономската рамнотежа на кус рок се воспоставува во точката во која се сочелуваат кривите на агрегатната побарувачка и агрегатната понуда (која е растечка на кус рок за разлика од нејзината вертикална позиција на нивото на потенцијалниот БДП и природната стапка на невработеност при долгорочната макроекономска рамнотежа). Основни инструменти на макроекономската политика се монетарната и фискалната политика. Со цел ефикасна и функционална макроекономска политика, макроекономска стабилност и економски раст, неопходно е координирање и комплементарно делување на овие две политики. Во пазарните економии, доколку постои развиен финансиски пазар, монетарната политика се фокусира на остварување на ценовната стабилност преку спроведување на монетарни интервенции на длабоките и ликвидни финансиски пазари, со пазарно ориентирани инструменти. Истовремено, развиените финансиски пазари и овозможуваат на фискалната политика задоволување на буџетските потреби преку издавање на хартии од вредност по пазарни услови и критериуми. Во услови на неразвиени финансиски пазари, координираната акција на монетарната и фискаланата полтитка преку поставување на зеднички цели е неминовно потребна. Притоа монетарната политика, во услови на вишок ликвидност, целите ги постигнува со интервенции на примарен пазар. Овој пазар истовремено е и поле на делување на фискалната политика за обезбедување на буџетските потреби. Во таа смисла, за фискални и монетарни цели можат да бидат користени исти инструменти. Имено, Министерството за финансии издава државни хартии од вредност за покривање на буџетскиот дефицит, при што, истовремено и централната банка (наместо да издава сопствени хартии од вредност) ги користи овие државни записи за монетарни цели. Огромна предност на овој пристап е тоа што претставува силен импулс за развој на пазарот на капитал, за развој на пазарот на државни хартии од вредност и ја намалува можноста за сегментација на овие пазари. Сепак овој начин на поврзност помеѓу монетарната и фискалната политика бара синхронизиран и координиран пристап на овие политики, што не е секогаш лесно изводливо.

Според пристапот на ММФ, макроекономските нерамнотежи можат да потекнуваат вообичаено или од преовладувањето на инфлацијата и дефицитите во платниот биланс или од ниските стапки на вработеност и економски раст или од обете. Високата ценовна стабилност или ниската инфлација е битна иако не и единствена компонента на макроекономската стабилност (Фити, 2004). Досегашната статистичка евиденција потврдува дека стабилизирањето на нивото на цените на ниско или умерено рамниште е со цел избегнување на дисторзиите на релативните цени на добра и услуги и на факторите на производство, а во насока на ефикасно алоцирање на ресурсите, поради создавање на стабилни услови за стопанисување и поттикнување на инвестициите, поради фактот дека стабилните цени влијаат врз намалување на домашната побарувачка за увезени добра и услуги и врз зголемување на странската побарувачка за домашни добра и услуги т.е. позитивно влијае на состојбата на платниот биланс итн. Пристапот на ММФ кон макроекономска стабилност се сведува на ограничување на агрегатната побарувачка главно преку остри фискални и монетарни рестрикции, запоставувајќи го од друга страна пак нејзиното силно влијание врз порастот на БДП и вработеноста. Доколку на краток рок, недоволната (ограничена) агрегатната побарувачка ја пресретне агрегатната понуда или БДП, тоа би се

случило на ниско рамниште и би повлекло низок БДП (далеку под потенцијалниот раст), висока невработеност и неоптимална искористеност на ресурсите во економијата (стандардниот проблем на Кејнз). Во таква ситуација според Кејнзијанското учење, економијата може да се придвижи кон својот потенцијален производ (состојба кога рационално ги користи сите расположливи ресурси) односно точка на рамнотежа на долг рок, единствено со стимулирање на агрегатната побарувачка преку порелаксирана фискална и монетарна политика. Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) своевремено бил формиран со цел да им овозможи неопходни средства на земјите во развој, за стимулирање на агрегатната побарувачка во услови кога земјата е соочена со стагнантна т.е опаѓачка економска активност. Кога нобеловецот Стиглиц ги согледува последиците од спроведувањето на неолибералната политика од страна на Меѓународниот монетраен фонд, Светска банка и Светската трговска организација во земјите кои се во процес на премин од транзиција кон неолиберален капитализам или неолиберална глобализација(Stiglitz, 2003), демонстративно ја напушта функцијата на главен економист на Светска банка. Според истражувањата на Семјуелсон во 2001 година, таргетирањето на нулта инфлација во САД би ја соочило американската економија со пад на производството и вработеноста некаде во рамки на интервалот од 1% до 3%. Поради фактот дека во земјите во развој и земјите во транзиција постојат неискористени ресурси, доминира мислењето дека едноцифрените стапки на инфлација во рамки од 5% до 10% се најоптимални за одржување на динамичен раст и развој, што во основа е вкоренето во постаментите на кејнзијанизмот.Генерално гледано, макроекономските доктрини кои ја поддржуваат *неолибералната школа, акцентот на значајност го стават врз агрегатната понуда и долгиот рок, додека школите кои генезата ја имаат во кејнзијанското учење, тврдат дека значајни се агрегатната побарувачка и краткиот рок*. Ретроспективната анализа на макроекономската политика во САД јасно подвлекува дека САД успешно ги користат дискреционите мерки на фискалната и монетарната политика за управување со агрегатната побарувачка и сузбивање на рецесиите и невработеноста, наспроти нивната интенција преку ММФ, земјите во развој и во транзиција да спроведуваат остри буџетски и монетарни рестрикции. За илустрација, факт е дека Р. Македонија, како резултат на долгогодишното спроведување на рестриктивните буџетски и монетарни политики (по инфлаторниот шок во 1992 година од раст на цените над 50% и поради политиката на оддржување на фиксниот девизен курс како основно економско сидро), перманентно имаше ниски стапки на инфлација, ниски буџетски дефицити, но и енормни стапка на невработеност и до 39%, како и стагнантни стапки на економски раст. Стабилизационите политики и програми се одвиваа во соработка со ММФ, а структурните реформи со Светска банка, при што и покрај недостатоците и преголемата рестриктивност во пристапот, земјава добиваше значајна финансиска поддршка од овие институции во форма на кредитни пласмани за платно-билансна поддршка или за конкретни проекти по многи поповолни услови од оние на пазарот на капитал. Паралелно со олабавувањето на макроекономската политика, во преткризниот период следува и период на заживување на економската активност. Имено, во интервалот од 2000 до 2008 година, со исклучок на 2001 поради безбедносната криза, забележлив е благ тренд на пораст на БДП per capita (иако во 2002 година растот на БДП е дури за 20% помал во однос на 1989 година) и на индустриското производство. Од 2005 до 2008 година е забележан значаен пораст на извозот, раст на домашната побарувачка, зголемување на продуктивноста, интензивирање на инвестиционата и производната активност во сите сектори и зголемување на економската активност. Највисока стапка на раст на БДП е постигната во 2007 година од 5,9% а во 2008 година (пред почетокот на кризата) растот изнесува 4,9%. Дека фискалната политика во изминативе години имала контрацикличен ефект, во насока на намалување на влијанието на економските циклуси врз економската активност, говори и подолу поместениот графикон (Богоев, 2012). При тоа, евидентна е корелационата поврзаност на буџетскиот дефицит и стапката на економски раст. Буџетското салдо се движи од суфицит од 2,5% во 2000 година (како резултат на воведување на данокот на додадена вредност), до дефицит од -

2,7% во 2009 година, со исклучок на дефицитите од -6,3% и -5,6% во 2001 и 2002 година при вооруженият конфликт (Николовска Вратеовска, 2014).



Графикон бр. 1: Раст на БДП, буџетско салдо (%од БДП) и производен јаз (во %) во Македонија од 1996 до 2011 година

Во повоениот период и западноевропските земји активно го користеле подгрејувањето на монетарната и фискалната политика за поттикнување на економската активност сè до крајот на 1970-та година кога доаѓа до замена на кејнзијанските парадигми со неолибералните, а со тоа и на примена на ниски буџетски дефицити не поголеми од 3%, ниска инфлација до 2% и рестриктивна монетарна политика. Неокејнзијанците сметаат дека причините за константната висока невработеност во ЕУ е последица од запоставеното управување со агрегатната побарувачка т.н. *хистереза* (рестриктивна макроекономска политика и во услови на рецесија) што има долгорочни негативни импликации за економијата. Интересен е фактот што по преживувањето на првите налети на глобалната економска криза (2008), големите економски сили, меѓу нив и САД и ЕУ по неуспешните обиди за намалување на дефицитарната ликвидност во финансиските системи преку порелаксирана монетарна политика, прибегнаа кон фискален активизам со цел спасување на големите финансиски гиганти, како и за подгревање на агрегатната побарувачка. Обемот и композицијата на фискалните пакети многу се разликуваат од земја до земја, зависно од приоритетите и фискалниот капацитет на националните економии. Мерењето на обемот е компликуван потфат, но меѓународните споредби покажуваат дека споредбено со поголемите земји, Кина изгледа има обезбедено убедливо најголем фискален поттик за својата економија. Една проценка вели дека ефективниот фискален стимуланс (без автоматските стабилизатори) во Кина за 2009 година изнесува 7,1% од БДП, наспроти 1,8% во САД и 0,9% во ЕУ (Saha and Weiszcaker, 2009). Владите на САД, Германија, Франција, Велика Британија и на останатите европски земји, преку фискалната политика, до кајот на декември 2008 година, за консолидација на нивниот банкарски сектор (гаранции, откуп на средства и докапитализација) вкупно одобрија финансиски пакет вреден 4 253 милијарди евра, или износ еднаков на 14% од нивниот бруто домашен производ (Николовска Вратеовска, 2014).

Историска анализа за доминантноста на макроекономксите школи и денешниот консензус околу монетарната и фискалната политика

Историската анализа во однос на балансот на силите меѓу доминантните макроекономски концепции во однос на начинот на користење и ефикасноста на макроекономските стабилизациони политики, укажува дека по Големата депресија во 1929 година, класичната економија просторот на макореконмската интервенција го отстапи на кејнзијанизмот кој е на економската сцена се до првата и втората нафтена криза во 1973, 1977 година. Тогаш, појавата на феноменот стагфлација (раст на цените а пад на агрегатната понуда) потврди дека мерките и

инструментите од неокејнзијанска провениенција повеќе не можат да се справат со новосоздадената состојба – напротив, кејнзијанскаото подгревање на ефективната побарувачка и натаму го заострува проблемот на стагфлацијата. Како резултат на тоа доаѓа до повторна замена на парадигмите: од кејнизјанизам и неокејнзијанизам кон неолиберализам. Денешната економска криза ја наметна потребата од повторно редефинирање на макроекономските политики, при што голем број на економисти со неокензијанска провениенција (Семјуелсон, Тобин, Модилијани, Фелпс, Стиглиц, Кругман и др.), останаа доследни на своите концепции дека сепак е потребно одржување на разумен баланс меѓу пазарот и владината интервенција во економијата.Испитувањата на експертите на ММФ со користењето на соодветни квантитативни методи на економска анализа потврдија дека (Фити, 2009):

- ❖ Загриженоста за состојбите во економијата претставува клучен инпут при формулирањето на стабилизационите политики;
- ❖ Дискреционата фискална политика и дискреционата монетарна политика во време на рецесии придонесуваат за заздравување на економиите;
- ❖ Дискреционата монетарна политика е поефикасна во зауздувањето на долгите и тешки рецесии – на оние придружени со финансиски кризи и со состојби на манифестација на феноменот ликвидносна стапица. Меѓутоа, во вакви ситуации дискреционата фискална политика е сериозно ограничена од големината и од одржливоста на јавниот долг (кој ги исцрпува ефектите од дискреционата фискална политика доколку надмине 60% од БДП);
- ❖ Кога рецесиите се придружени со финансиски кризи, ефикасноста на двете политики значително се намалува, практично изостанува ако тие не се следени и со имплементација на добро таргетирани финансиски политики. Станува, пред се, збор за потребата од „чистење„ на неперформансните кредити на банките (преку воспоставување на независни агенции кои би ги преземале таквите кредити), со цел да се врати кредибилитетот на банките и да порасне можноста за кредитна експанзија, за да се олесни излезот од рецесија. Станува збор за скапи реформи, кои во финансиските кризи на скандинавските земји и во Јапонија, предизвикаа трошоци во цисина од 5% од БДП на земјите а просечната стапка на заживување на економијата беше во позитивна корелација со квалитетот на реформите.

Консензусот на современите макроекономски школи околу *монетарната стабилизиона политика*, во однос на консензусот за фискалната политика е поизвесен и се сведува на:

- ➢ Високата ценовна стабилност е основен приоритет;
- ➢ Нулта стапка на инфлација е непожелна, бидејќи го отежнува структурното приспособување на економијата и ја прави неефикасна монетарната политика во услови на депресија;
- ➢ Политичката неизвесност на централната банка vis a vis владата и нејзиниот кредибилитет и отчетност се важна претпоставка за одржување ниска стапка на инфлација;
- ➢ Монетарната политика базирана врз правила се преферира пред дискреционата монетарна политика;
- ➢ Централните банки со поголема неизвесност vis a vis политичките авторитети и со монетарната полтитика фундирана врз правила можат да го разрешат проблемот на неконзистентност на политиките низ времето.

Во рамки на високиот степен на усогласеност на различните економски парадигми околу *фискалната антициклична политика* ќе вброиме дека:

- ➢ Таа е ефикасна во совладувањето на долгите и тешки рецесии;
- ➢ Потребно е водење на фискална политика базирана врз правила кои не би биле причина за појава на рецесии (висок степен на согласност иако не толку нагласен);
- ➢ Со двете клучни макроекономски политики (монетарната и фискалната), на долг рок не може да се дејствува врз зголемување на вработеноста.

Табела бр.1: Домени на согласување и/или несогласување за ефикасноста на фискалната и монетарната политика

Клучни прашања	Класична макроекономија	Кејнзијанска макроеконо-мија	Монета-ризам	Современ консензус
Дали експанзивната монетарна политика е успешна во совладувањето на рецесијата?	Не	Не многу	Да	Да, освен во посебни ситуации
Дали фискалната политика е ефективна во совладувањето на рецесијата?	Не	Да	Не	Да
Можат ли монетарната и/или фискалната политика на долг рок да ја намалат невработеноста?	Не	Да	Не	Не
Треба ли фискалната политика да се користи на дискреционен начин?	Не	Да	Не	Не, освен во посебни ситуации
Може ли монетарната политика да се користи на дискреционен начин?	Не	Да	Не	Се уште нема согласност

Заклучок

Долго време, различни шокови во економијата не беа доволни да го разнишаат верувањето во ефикасноста на пазарите. Рецесијата 2008 е пример за дефицитарна побарувачка. Поддржувачите на теоријата за ефикасни пазари повторно ќе тврдат дека промените на цените одново ќе ја вратат пазарната рамнотежа. *Новите кејнзијанци кои се обидоа да ја усогласат кејнзијановата страна на побарувачката и да ја објаснат рецесијата со несовршеноста на пазарот, како и економистите кои предупредуваа на порастот на цените, беа игнорирани или во најлош случај исмејувани од оние кои сè уште веруваа, дека централните банки преку монетарната политика ќе се справат со рецесијата.* Подржувачите на бихејвиористичката доктрина ќе има што да нè научат во врска со функционирањето на економиите и подобрените начини за креирање и имплементирање на политики. Овие економисти не ни сугерираат дека е потребно да скокнеме од слободните пазари кон државна интервенција, туку дека можеме да развиеме подобри начини за да го вклучиме однесувањето на економските агенти во тенденциите на политиката (Mankiw and Taylor, 2011).

Анализирајќи ги последиците од глобалната економска криза а во таа смисла и политиките кои се спроведуваат со цел нивно арбитрирање, се повеќе современи и признати економисти подвлекуваат дека Кејнз бил во право. Како и да е, ќе сублимираме дека за макроекономската рамнотежа и стабилност од непобитно значење е политиките во своите таргети да се посветат и на агрегатната побарувачка на краток рок и на агрегатната понуда на долг рок, зошто тие, низ интеракциски придвижувања во краткорочни временски секвенци ја формираат долгорочната рамнотежа. Додека агрегатната побарувачка може да допринесе за придвижување на фактичкиот БДП кон патеката на потенцијалниот долгорочен БДП, агрегатната понуда во себе ги сублимира реалните фактори на производството како капиталот, човечките ресурси, природните ресурси и технолошките знаења (know-how).

Литература

- Богоев Ј.(2012). ,Фискалната политика и економските циклуси во Македонија,, *Економија и бизнис*,
- Вратеовска, Н. Д. (2014) *Влијанието на финансиските институции врз макроекономската и финансиската стабилнсот*, докторски труд, Економски факултет, УКИМ
- Фити, Т. (2009) *Феноменологија на кризи*, Економски факултет, УКИМ, 2009
- Фити, Т. (2004),,Теоретски погледи и искуства за макроекономската стабилност и економскиот растеж", труд објавен во Зборник*: Макроекономската стабилност и економскиот растеж во Р.Македонија* ,ЗОР, МФ, ГТЗ, 2004
- Keynes, J. M. (1936)- *The General Theory of the Employment, Interest and Money*, Harcourt Brace, New York, 1936
- Mankiw, N. G. and P. Taylor , M.P. (2011) *Economics*, second edition, Cengage learning EMEA,
- Samuelson, P. A., Nordhaus, W. D.(2001)-*Economics*, 17 th ed. McGrew-Hill Inc, 2001, New York
- Saha, D. and Weiszcaker von, J.(2009),,Estimating the Size of the European Stimulus Packages,, *Brugel Policy Papers 30,* January
- Stiglitz, E. J. (2003) ,,Democratizing the International Monetary Fund and the World bank: Governance and Accountability,, *International Journal of Policy, Administration and Institutions*, Vol. 13, No 1, January , pp 111-139

УДК 37.018.8:343.261-052(497.7)
(прегледен труд)

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ПРЕКУ ОБРАЗОВАНИЕТО, ОБУКАТА И СТРУЧНОТО УСОВРШУВАЊЕ КАКО ОБЛИЦИ НА ТРЕТМАН НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА КОИ ИЗДРЖУВААТ КАЗНА ЗАТВОР

Александра Ангеловска
Одделение за правно-нормативни работи, јавни набавки и поддршка на Совет - Општина Штип

Апстракт: *Како резултат на потребата од континуирана општествена реакција на криминалитетот и антисоцијалното однесување, еден од основните предизвици на современата пенолошка мисла во секое демократско општество се токму облиците на третман на осудените лица кои се наоѓаат на издржување на казна затвор. Компаративните сознанија и искуства, како и бројните анализи на состојбите во Р. Македонија укажуваат на загрижувачко висока стапка на рецидивизам кај осудените лица во казнено-*